„Во Џенетот нема да влезе тој што ги кине роднинските врски

Од Џубејр, радијаллаху анху, се пренесува, дека го слушнал Аллаховиот пратеник, салаллаху алејхи ве селем, како кажува: „Во Џенетот нема да влезе тој што ги кине роднинските врски."

[متفق عليه] [صحيح]

Аллаховиот Пратеник, салаллаху алејхи ве селем, нè известува во овој хадис дека оној кој ги кине семејните врски, ги вознемирува или им наштетува на своите роднини; таквиот човек со право нема да влезе во Џенетот.

http://sunnah.global/hadeeth/mk/show/5367